| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА А4.7 - КУЌИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЕЛСКИОТ ТУРИЗАМ НА КП 1762, КП 1763, КП 1764, КП 1773 И ДЕЛ ОД КП 1203, КО ЗОВИЌ 1, ОПШТИНА НОВАЦИ** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Општина Новаци** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Општина Новаци** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **Летка Јовановска** |
| Назив на работното место | **Раководител на Одделение за комунални дејности, урбанизам, сообраќај, животна средина и ЛЕР во Општина Новаци** |
| Контакт податоци за лицето | **Тел. 047 20 30 60**<br>**Моб. 075 216 554** |

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 11 - 648/2
07. 09. 2023 год
Новаци

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| **Закон за урбанистичко планирање** |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| **Се донесува нов плански документ.** |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување. |
| / |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА – наведете ја областа. |
| **Да, просторното и урбанистичкото планирање.** |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5) |
| **Не** |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен, наведете за каков проект станува збор. |
| **Не** |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| **Не** |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| - **Планирање и уредување на просторот**<br>- **Подигање на нивото на комунална уреденост на земјиштето**<br>- **Зголемување на вредноста на земјиштето**<br>- **Создавање на можност за економски развој на просторот**<br>- **Создавање услови за туризам и промоција на неразвиени подрачја**<br>- **Промоција на културното наследство**<br>**Клучна цел е обезбедување на услови за престој на посетители во еден од најнеразвиените подрачја во државата, за кои е евидентиран голем интерес за туристички посети.** |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| **просторно и урбанистичко планирање** |
| Периодот на донесување на планскиот документ |
| **Не е предвиден.** |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| **Не е предвидено.** |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| **Непосредно пред влезот во с. Зовиќ - Прилог бр.1** |

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | | x |
| Дали е приложена копија од целите? | | x |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br><br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | **Веројатноста за негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ е мала.<br>Времетраењето на евентуалните ефекти се ограничува на фазата на изведба на градежните работи.<br>Во тек на експлоатација не се очекуваат негативни влијанија, од причина што капацитетот е мал, а испуштањето на отпадните води е предвидено преку претходно изведена пречистителна станица<br>Повратност на влијанијата нема.** |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | **Во фазата на експлоатација влијанијата врз животната средина се:<br><br>- позитивни промени во економските и социјални движења.<br><br>Не се очекуваат емисии во медиумите на животната средина. За отпадните води се предвидува пречистителна станица<br>Во поширока смисла врз животната средина на територијата на општина Новаци значително влијание има РЕК Битола** |
| Прекугранична природа на влијанијата | **Имплементацијата на овој плански документ нема прекугранични влијанија врз животната средина.** |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи) | **При транспортот и работата на градежната механизација ќе се обезбеди соодветен надзор.<br>Поради карактерот на земјените работи можни се несреќи од појава на лизгање на земјиште или обрушување на рововите, кои со** |

| | |
|---|---|
| | **примена на техничките решенија во проектната документација се исклучуваат или се сведуваат на најмала можна мерка.<br>На градилиштето е обврзно чување на средства за прва помош.<br>Најблиски центри за укажување на стручна медицинска помош се амбулантата во с. Новаци и медицинските центри во Битола.** |
| Опсег и просторен обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната) | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.7 - куќи за потребите на селскиот туризам на КП 1762, КП 1763, КП 1764, КП 1773 и дел од КП 1203, КО Зовиќ 1, Општина Новаци, зафаќа површина од 1,09ха.** |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| **Реализацијата на проектот се очекува да има исклучително позитивни** економски и социјално **влијанија на околина што е од особена важност за регионот** | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | **На пределот каде се планира изградбата на водоводната мрежа нема регистрирани недвижни споменици на културата.** |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности | **Со оглед на фактот што градежните зафати во рамките на локацијата ќе бидат со релативно мали ископни активности, се очекува дека емисијата на прашина ќе биде локална.<br>Во фазата на експлоатација за отпадните води се предвидува пречистителна станица** |
| Интензивна употреба на земјиштето | **Согласно член 54 став 4 од Законот за урбанистичко планирање, земјиштето во опфатот на урбанистички проекти за задржува постоечката класа на намени. Со реализација на проектот истото ќе се уреди и култивира.** |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја | **Предметните парцели од опфатот на ова УП, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со Договор за закуп на земјоделско земјиште бр. 39-1218/1 од 22,01,22, ги издало под закуп на барателот со намена рурален туризам. Околината на оваа локација е карпеста без некои посебни пејзажни особености. Поширокиот регион и целата КО Зовиќ 1 е предложен, но не и прогласен за заштита како споменик на природата. Имајќи предвид дека не** |

<table>
<tr><td></td><td>се утврдени точните локации кои се потврдена вредност, сметаме де локациите кои очевидно немаат карактеристики на споменици на природата нема пречка да се искористат за унапредување на условите за туристички развој.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планскиот документ предвидена е изградба на сместувачки капацитети од помал обем за која во текот на постапката за издавање на одобрение за градба ќе се изработи елаборат за животна средина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот, односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални објекти)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Планскиот документ предвидува изградба на сместувачки капацитети кои немаат негативни влијанија врз резиденцијалните објекти во с. Зовиќ.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина, особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој<br>(да се наведе дали обемот на планскиот документ продонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Имплементацијата на планскиот документ нема значително влијание врз животната средина.<br>Во поглед на промовирањето на одржливиот развој, имплементацијата на планскиот документ ќе има позитивни влијанија во смисла на подобрување на условите за туризам, живот и спречување на миграцијата на населението од ова село.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Нема еколошки проблеми релевантни за планскиот документ – што се однесува до испуштањето на отпадните води, предвидена е пречистителна станица во опфатот на проектот</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете како планскиот докумет кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документи во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документи и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Изготвен е врз основа на Условите за планирање на Просторниот план на РМ и Договор за закуп на земјоделско земјиште, намена: рурален туризам бр. 39-1218/1 од 22,01,22, склучен од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство .<br>Предложениот проект е во согласност со целите утврдени со Стратегијата за ЛЕР на Општина Новаци 2023-2028</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="3">биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Стратегијата за ЛЕР на Општина Новаци 2023-2028<br>СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1<br>Развој на рурален, меморијален и еко туризам со искорис-тување и промоција на културното, историското и природното наследство</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).</td></tr>
<tr><td colspan="3">Со Елаборатот за заштита на животната средина ќе бидат предвидени мерки за заштита од евентуалните влијанија утврдени во подоцнежна фаза на проектирање</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник,<br>Стевче Стевановски</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум<br>07.09. 2023.<br>Н о в а ц и</td><td>М.П.<br>Република Северна Македонија Општина Новаци Новаци</td></tr>
</table>




**ПРИЛОГ бр. 1 (мапа)**